# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРУШЕВО 2019 - 2023

*Октомври 2018*

## Содржина на документот

Листа на кратенки ........................................ 3

1. Вовед ........................................ 4

2. Анализа на состојбата ........................................ 5

   2.1 Култура ........................................ 8

   2.2 Образование ........................................ 10

   2.3 Здравје и спорт ........................................ 12

   2.4 Младинско учество ........................................ 14

   3. Краток преглед на процесот ........................................ 16

4. Цел на стратегијата ........................................ 18

5. Тематски области на Локалната Стратегија за млади ........................................ 18

6. Процес на мониторинг и евалуација ........................................ 21

7. Листа на членови на работната група и координативното тело ........................................ 22

8. Прилози ........................................ 23

# Листа на кратенки

ЛМС – Локална младинска стратегија

АП – Акционен план

МСП – Младински Совет Прилеп

АМС – Агенција за млади и спорт

ГО – Граѓански организации

НФО – Неформално образование

ФО – Формално образование

# 1. Вовед

Младински Совет Прилеп во соработка со Општина Крушево и Локалниот младински Совет на Општина Крушево, преку проектот „Креирање на Локална Младинска стратегија во Општина Крушево“ ја креираа Локалната младинска стратегија во општина Крушево. Проектот „Креирање на Локална Младинска Стратегија во Општина Крушево" е имплементиран во рамките на проектот: "Граѓанските организации во служба на локалната демократија" спроведен од АЛДА Скопје, Европско движење Македонија и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија со финансиска поддршка на Европската Унија преку ИПА 2 инструментот.

Во периодот од март 2018 година до октомври 2018 година, Младински Совет Прилеп одржа серија на активности со цел мапирање на потребите и проблемите на младите во Општина Крушево, активности за воспоставување структура за подготовка на локална младинска стратегија, како и активности за утврдување на потребите и можните решенија кои треба да ја сочинуваат содржината на локалната младинска стратегија. Целта на овие активности беше креирање на Локална младинска стратегија (ЛМС) на Општина Крушево, а спроведувањето на стратегијата ќе придонесе кон подобрување на генералната состојба на младите преку зголемено активно учество во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница.

Оваа стратегија е со времетраење од пет години 2019 - 2023 во која се лоцирани клучните приоритети за младите луѓе во Општина Крушево и се нудат одреден број на остварливи решенија. Преку оваа стратегија се вложува во процесот да се изградат и зајакнат односите меѓу Општина Крушево со младите и младинските организации.

Соработката помеѓу младите и влијанието на младите во сите области на јавната политика, како и соработката во креирањето политики е многу важна за да се постигне целосна вклученост на младите. Во контекст на последново, младите луѓе, треба да бидат во можност да ги изразат своето мислење преку структуриран дијалог со институциите при што заедно ќе можат да ги идентификуваат и решаваат проблемите на младите. Обемот на оваа рамка треба да се прошири и да достигне до сите младите луѓе, за што сите чинители во овој процес искрено се залагаат.

Главната идеја за оваа стратегија е да се овозможи активна соработка и вклучување на младите (на возраст од 15 до 29 години) во локалните политики, преку низа мерки кои заедно се дефинираа со младите за периодот од 2019 до 2023 година. Според Национална стратегија за млади 2016-2025, терминот „млади“ се однесува на сите лица на возраст од 15-29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествениот напредок, но и особена ранливост во однос на социоекономските промени во општеството.

Меѓу стратешките цели се и поттикнување на младинското учество на младите во општеството (воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите преку институционален развој за младински прашања, континуирано работење на Локалниот

младински Совет на општина Крушево), овозможување на логистичка и програмска поддршка, како и зголемена достапност на неформално образование (НФО) во средните училишта и подобрување на областите здравје, спорт и културата на локално ниво. Сите стратешки цели се во согласност со стратешките цели на Националната стратегија за млади 2016-2025 година кој ја спроведува Агенција за млади и спорт (АМС).

Носител на активностите во процесот на креирање на ЛМС за општина Крушево беше Здружението на граѓани „Младински Совет Прилеп“ (МСП). МСП е основана во 1999 како младинска организација во Прилеп, фокусирана на Пелагонискиот регион во Македонија. МСП, преку вклучување на младите луѓе се стреми да го изгради нивниот капацитетот на одржлив начин, ги поддржува младите луѓе во учеството во демократските процеси, овозможувајќи им да прераснат во активни граѓани.

## 2. Анализа на состојбата

Општина Крушево, според бројот на жителите, спаѓа во помалите општини во Македонија. Вкупното население во Општината изнесува 9684 жители или околу 0,8 % од вкупното население на Македонија. Во градот Крушево живеат околу 47% од жителите на целата општина. Во поглед на поделеноста по половата структура, женската популација е застапена со 50,6% (4918), додека машката е со 49,4% (4766). Бројот на работоспособно население во градот Крушево е 66,4% од вкупното население, додека само 40% од работоспособното население е во работен однос. Природниот прираст на ниво на цела општина е негативен и изнесува -1,4, додека морталитетот изнесува 11,62. Густината на населеност изнесува 2 жители на хектар.

Има вкупно 2706 домаќинства, вкупниот број на станови е 3518, а просечната големина на семејство изнесува 3,2 члена и бележи тренд на опаѓање. Вкупниот број на невработени лица во општината изнесува 1986 (Податок АВРМ од 2008) од кои во градот има 1149 во руралните населени места 837. Структурата на невработени според пол е 1318 мажи и 668 жени.

По националност структурата во Крушево е следната:

- 62,8 % Македонци
- 21,3 % Албанци
- 10,5 % Власи
- 3,3 % Турци
- 1,8 % Бошњаци
- 0,2 % Срби
- 0,3% останато

Показатели за рангирање на демографската старост на населението се следните:

- просечна старост (години) 30,5
- млади до 20 години 39,4%
- помлади од 40 години 69,0 %
- стари 60 и повеќе години 12,4%
- индекс на стареење 0,717

Констатиран е значаен пораст на миграцијата од село во град, но исто така констатиран е и значаен пораст на миграција на работоспособно население од општината во други општини и надвор од границите на РМ[1].

Моментално не постои законска обврска за локалните власти за усвојување на локална стратегија за млади, меѓутоа локалните власти се носители на обврски за реализација на младински политики на локално ниво. Овие обврски најчесто се изведени од постоечки законски текстови (пр. Закон за средно образование, Закон за ученички и студентски стандард, Закон за волонтерство и др.) или од веќе усвоени стратегии што директно или индиректно тангираат младински прашања (Национална стратегија за млади 2016-2025, Стратегија за сеопфатно образование 2018-2025, Акциски план за вработување на млади 2016-2020 и др.).

*Методологија на процесот*
Со цел фокусирање на најприоритетните проблеми за младите во Крушево, преку реализација на фокус група се селектираа приоритети – тематски области на кои ќе се однесува стратегијата. Преку фокус групата, присутните засегнати страни врз основа на своите сознанија, како и на сумираните сознанија од досегашни спроведени истражувања за младинските потреби во нивната општина дискутираа кои области се приоритетни и избраа 5 области кои ги сметаат за најприоритетни и за кои имаат реални очекувања за подобрувања кои ќе можат да се видат во наредните пет години. Според тоа, приоритетни тематски области за Крушево се: Култура, Образование, Спорт, Здравје и Младинско учество. За детектирање на состојбата во овие области беше спроведена електронска анкета за млади луѓе на возраст од 15 – 29 години, како и тематски фокус групи.

За да се постигнат наведените цели беше подготвена методологија која понуди прибирање на податоци преку различни алатки. Во тој контекст истражувањето се фокусираше на:

- Утврдување приоритетни проблеми во областа
- Причините за појава на проблемите кои постојат во приоритетните области
- Причините за слаба ефективност и ефикасност на одговорните институции при разрешување на проблемите
- Ниво на младински активизам за разрешување на проблемите во целната општина

Врз база на добиените информациии од фокус групата за приоритетите во Општина Крушево, беше подготвен анкетен прашалник и методологија за прибирање податоци преку тематски фокус групи. Анкетата беше спроведена на електронски начин, а беа реализирани вкупно 80 прашалници.

При тоа составот на фокус групата вклучуваше: претставници од локални младински организации, политички подмладоци, претставници на средношколски и студентски заедници и сојузи, советници од локалната администрација кој работи на младинската

[1] Забелешка: Податоците се од Пописот на населението, домаќинствата и становите во РМ 2002 година и од Локалниот акционен план за вработување на општина Крушево 2009 – 2011, изработен во 2009 година.

проблематика , советници во советот на општината, претставници од рурални места во склоп на општината, претставници од локални институции.

Понатаму, со цел да се утврдат подлабински потребите и причинско-последичните врски за утврдените приоритети во Општина Крушево, се реализираа 4 тематски фокус групи. Две фокус групи беа одржани во Крушево, една во Норово и една во Бучин со што беа опфатени рурални средини во рамките на општината, вклучувајќи 44 лица.

Во согласност со планираниот активности во рамките на проектот беше предвидено спроведување на електронска анкета со цел од 80 испитаници, што претставува 4% од младата популација од 15 – 29 години во Општина Крушево според податоците од пописот на населението од 2002 година. Согласно методологијата за електронска анкета, ограничена беше можноста за репрезентативност како и полова, етничка и возрасна структура, и застапеност на млади од рурални и урбани места. Меѓутоа, согласно податоците кои беа обработени, примерокот обезбеди адекватна застапеност на сите возрасни групи, родова и етничка структура. Според тоа беше обезбедена максимална репрезентативност имајќи ги во предвид достапните финансиски средства, како и достапноста на информации според бараните критериуми.

*Преглед на испитаници на електронска анкета за општина Крушево*

| Возрасна група | Пол | | Етничка припадност | | | | | | | | Место на живеење | | Степен на образование | | | | | | | Работен статус | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **Македонец/ка** | **Албанец/ка** | **Тучин/ка** | **Ром/ка** | **Влав/Влаинка** | **Србин/ка** | **Бошњак/ка** | **Друго** | **Град** | **Село** | **Незавршено основно** | **Основно** | **Средно** | **Високо** | **Магистер** | **Доктор на науки** | **Ученик / Студент** | **Ученик/ Студент** | **Вработен** | **Невработен** |
| 15-19 | 10 | 12 | 11 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 1 | 1 | 22 | 0 | 0 | 1 | 18 | 0 | 0 | 0 | 3 | 20 | 1 | 1 |
| 20-24 | 8 | 16 | 12 | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 1 | 9 | 3 | 0 | 11 | 13 | 7 | 4 |
| 25-29 | 16 | 18 | 22 | 0 | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 34 | 0 | 0 | 0 | 2 | 22 | 9 | 0 | 1 | 3 | 18 | 13 |
| **Вкупно:** | **34** | **46** | **45** | **0** | **0** | **0** | **33** | **0** | **1** | **1** | **80** | **0** | **0** | **1** | **21** | **31** | **12** | **0** | **15** | **36** | **26** | **18** |
| | **80** | | **80** | | | | | | | | **80** | | **80** | | | | | | | **80** | | |

Истражувањето укажува дека е потребен редовен проток на информации до младите за тие да осознаат каква е состојбата во приоритетните сфери и да можат да делуваат. Младите се само делумно задоволни од понудените културни содржини во Општина Крушево. Во образовните институции недостига подобра и посовремена техничка опременост. Постоечката понуда за неформално образование во Општина Крушево одговара само за одредени потреби. Младите не се доволно едуцирани од областа на јавното здравје. Невладините организации се оние кои што најчесто нудат неформално образование за младите луѓе во Крушево. Спортските објекти, посебно оние кои постојат за рекреативен спорт, се достапни за младите луѓе но младите се само делумно заинтересирани за спорт. Во Општина Крушево нема доволно младински иницијативи, а младите ретко се залагаат за решавање на младинските проблеми. Недостасува простор и можности за младите да ги реализираат своите идеи. Младите многу ретко биле консултирани од страна на некоја локална

институција во донесувањето одлуки. Локалниот Младински Совет игра значајна улога во животот на младите во Крушево и води најмногу грижа за младинските потреби. По однос на младинското учество останува клучно да се работи на подигнување на свеста кај младите и важноста од нивно учество во донесувањето одлуки.

Во следните делови од Стратегијата за млади на Општина Крушево се наоѓа анализата на секоја од областите на кои се фокусира овој документ во наредните пет години. За секоја област е направена анализа за состојбата на младите на локално ниво.

## 2.1 Култура

Во општина Крушево нема функционални објекти и локации за културни активности а оние кои се функционални не се во соодветна состојба. Младите имаат широко разбирање што подразбира култура во една заедница. Меѓутоа, младите се само делумно задоволни од понудените културни содржини. Младите во Општина Крушево своите креативни идеи можат да ги изразуваат и исполнуваат неформално, во група со други млади и во невладините организации. Загрижувачки е што најголемиот дел од испитаниците сметаат дека младите не се многу заинтересирани да го подобрат својот културен живот. Младите од руралните средини исто така не се заинтересирани да се посветат на креативно изразување на своите идеи, воглавно поради недостигот на информации и финансиски средства. Еден од клучните недостатоци кои постојат е немањето на стручен кадар кој пак е резултат на незаинтересираноста на младите да студираат во областите поврзани со културата. Фондовите на ЕУ не се доволно искористени од страна на Локална Самоуправа. Младите се мотивирани културно да творат само кога е во прашање некој конкурс. Локалната Самоуправа е институција која најчесто организира културни манифестации, а потоа следат неформалните групи на млади и невладините организации. Сепак, младите сметаат дека локалната самоуправа треба да се насочи на поголема работа и комуникација со младите.

Најголемиот дел од младите 65% во сметаат дека во општина Крушево нема функционални објекти и локации за културни активности. Неадекватната состојба на објектите кои во моментот постојат ја потврдуваат 73% од испитаниците со што укажуваат дека има работи кои може да се подобрат. Според младите најпотребно во Општина Крушево е театар, кино, сали за танц, младински културен центар итн. Според учесниците во фокус групите и вработените во објектите треба да го подобрат својот квалитет.







Повеќе од половина испитаници (51%), културата ја подразбираат како сет на активности како што е посета на кино, театар изложби, разни културни манифестации, креативно изразување на своите идеи како и пополнување на слободното време што покажува дека младите во Крушево имаат широко разбирање што подразбира култура во една заедница. Меѓутоа, 81% од испитаниците изјавија дека само делумно се задоволни од понудените содржини во Општина Крушево. Според учесниците на фокус групите укажаа дека и покрај различните искуства, оваа година ситуацијата е подобра во однос на понудата на културни содржини. Како добар пример за поддршка на културни активности беше посочен настанот „Крушево Будно“, кое не би се реализирало без потребната поддршка од општината.

**Како вие ја разбирате културата и културниот живот?**

| Категорија | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|
| Посета на кино, театар, изложби | 13 | 16,25 |
| Посета на секаков вид на културни манифестации | 12 | 15 |
| Можности активно да ги изразувате креативните идеи | 9 | 11,25 |
| Пополнување на слободното време | 4 | 5 |
| Како еден пакет од се погоре наведено | 41 | 51,25 |
| Не знам | 1 | 1,25 |
| **Вкупно** | **80** | **100%** |




## 2.2 Образование

Условите за работа во образовните институции во Општина Крушево во однос на постоечката опрема и инфраструктура се задоволителни. Според младите, најмногу во образовните институции недостига подобра и посовремена техничка опременост. Постоечката понуда за неформално образование во Општина Крушево одговара само за одредени потреби. Дополнително, информираноста помеѓу младите за понудата е на ниско ниво. Во Општина Крушево нема доволен број на организации и центри кои нудат неформално образование а од друга страна младите не се заинтересирани за неформалното образование. Невладините организации се оние кои што најчесто нудат неформално образование за младите луѓе во Крушево. Постои недоверба кај родителите за придобивките од неформалното образование, но исто така недостасува самоиницијативност кај младите да стекнат знаења и вештини надвор од формалното образование (ФО). Социјалните медиуми се главен извор на информации за понудите за неформално образование. Младите од руралните средини не се заинтересирани за

неформалното образование најмногу поради пасивноста на младите и работните обврски кои младите ги имаат во нивната средина. Испитаниците сметаат дека Локалната самоуправа и самите млади треба да бидат главните промотори и поттикнувачи за разновидна понуда на неформално образование.

Само 11% од испитаниците оценуваат дека условите за работа во образовните институции во Општина Крушево во однос на постоечката опрема и инфраструктура се одлични. 66% или две третини од испитаниците сметаат дека условите се задоволителни. Според младите, најмногу во образовните институции недостига подобра и посовремена техничка опременост – така изјавиле речиси половина од испитаниците (48%). Исто така, 39% сметаат дека недостасува подобро подготвен наставен кадар.

**Што приоритетно недостига во образовните институции во Општина Крушево?**

| Категорија | | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| | Подобро подготвен наставен кадар | 31 | 38.75% |
| | Подобра и посовремена техничка опременост | 38 | 47.50% |
| | Подобра инфраструктура во училиштата | 8 | 10.00% |
| | Друго | 3 | 3.75% |
| **Вкупно** | | **80** | **100%** |

Во однос на неформалното образование, 61% од испитаниците учествувале во некаква форма на неформално образование во последните 12 месеци.



Во Општина Крушево нема доволен број на организации и центри кои нудат неформално образование според 43% од младите. Интересно е тоа што 34% испитаници сметаат дека младите не се заинтересирани за неформалното образование. Незаинтересираноста беше потврдена и од учесниците на фокус групите.




## 2.3 Здравје и спорт

Младите практикуваат превентивни прегледи на лекар по сопствена иницијатива. Од друга страна, две третини не посетиле едукативни настани од областа на јавното здравје. Невладините организации се оние кои ги промовираат превентивните мерки за заштита на здравјето кај младите луѓе. Во Крушево нема доволен број на здравствени установи каде младите можат да се обратат доколку имаат здравствен проблем.

Во однос на условите за занимавање со спорт младите сметаат дека условите за занимавање со спорт може да се подобрат. Спортските објекти, посебно оние кои постојат за рекреативен спорт, се достапни за младите луѓе. Меѓутоа, младите се само делумно заинтересирани за спорт. За недостатокот на мотивација и интерес една од причините недоволните финансиски средства за спортските клубови во насока на професионални услови за спортување. Спортските клубови се тие кои преку кампањи за привлекување треба да ги поттикнуваат младите луѓе да се занимаваат со спорт. Постои слаба информираност за тоа кој најчесто организира спортски

активности. Младите сметаат дека надлежните институции треба меѓусебно да се координираат за да ги поправат условите за занимавање со спорт.

Во однос на превенцијата на младите луѓе, 65% од испитаниците изјавиле дека извршиле превентивен преглед на лекар по сопствена иницијатива (без конкретен здравствен проблем) во текот на претходната година. Од друга страна, само 35% изјавиле дека еднаш или неколку пати посетиле едукативни настани од областа на јавното здравје, додека 65% не посетиле било какви едукативни настани (најголем е процентот на младите на возраст од 25 – 29 години).

**Дали во текот на претходната година сте извршиле превентивен преглед на лекар (по сопствена иницијатива, без да имате конкретен здравствен проблем)?**

| Категорија | | Фреквенција | Процент |
|---|---|---|---|
| | Да | 52 | 65.00% |
| | Не | 28 | 35.00% |
| **Вкупно** | | **80** | **100%** |

Учесниците потенцираа дека единствени млади кои ги промовираат превентивните мерки за заштита на здравјето кај младите луѓе се активните членови во Клубот на млади при Црвен Крст – Крушево и и организацијата „Хера“ (кога има активности во Крушево).



Во однос на условите за занимавање со спорт за младите луѓе во Општина Крушево, само 18% сметаат дека условите се задоволувачки, додека 66% од испитаниците сметаат дека условите за занимавање со спорт може да се подобрат.




## 2.4 Младинско учество

Во Општина Крушево нема доволно младински иницијативи, а младите ретко се залагаат за решавање на младинските проблеми. Најголем број од младите луѓе не учествувале во младинска иницијатива за разрешување на некој проблем на младите. Најголеми причини за отсуството на иницијатива и заинтересираност на младите произлегува од системот на вредности во кој тие живеат и слабата информираност. Недостасува простор и можности за младите да ги реализираат своите идеи. Од друга страна, нема доволно средства за реализација на младинските идеи. Она што е исто така значајно е тоа што младите не се информирани за тоа дали и колку се одвојуваат такви средства. Локалниот Младински Совет игра значајна улога во животот на младите во Крушево и води најмногу грижа за младинските потреби. Од друга страна, средношколските организации само делумно ги претставуваат и застапуваат интересите во средните училишта во Општина Крушево.

Младите сметаат дека тие се застапени во институциите но не се вклучени во донесувањето на одлуки. Клучните причини за тоа е што возрасните немаат доволно доверба во младите но и дека немаат доволно информации за да учествуваат во таквите процеси.

Младите сметаат дека најмногу треба да учествуваат во донесување на одлуки во Советот на Општината и во локалните институции, а најмалку во семејството. Младите не се доволно едуцирани за младинското учество но исто така не знаат или не се информирани дали има тела преку кои младите можат да учествуваат во процесите на донесување одлуки. Младите многу ретко биле консултирани од страна

на некоја локална институција во донесувањето одлуки. Возрасните во локалните институции немаат доверба во младите за вклучување во процесите на донесување одлуки, а тоа е можеби поради недостатокот од едукација за придобивките од младинското учество.

Во однос на младинското учество и активизам во Општина Крушево, 79% од испитаниците сметаат дека во Општина Крушево нема доволно младински иницијативи. Според 66% од испитаниците младите ретко се залагаат за решавање на младинските проблеми. Само 29% од испитаниците сметаат дека младите се проактивни во решавањето на младинските проблеми.






Според испитаниците двете најголеми причини за отсуството на иницијатива и заинтересираност на младите произлегува од системот на вредности во кој тие живеат и слабата информираност. Дополнително, малиот број на места и можности за да ги реализираат своите идеи но и негативните примери кои ги гледаат во околината придонесуваат кон апатичност и недоверба. Локалниот Младински Совет игра значајна улога во животот на младите во Крушево и според најголемиот дел од испитаниците (78%) води најмногу грижа за младинските потреби. Од друга страна, според 69% од младите во Општина Крушево, средношколските организации само делумно ги претставуваат и застапуваат интересите во средните училишта во Општина Крушево.

Како дел од придобивките од усвојување на локална стратегија за млади се јавуваат следните: координиран и континуиран пристап во насока на одговарање на младинските предизвици ефикасно решавање на младинските проблеми поради доброто познавање на локалниот контекст, зголемено учество на младите во процесот на изготвување, имплементација и евалуација на младински политики. Дополнително, овој пристап ќе придонесе кон промоција на одговорно граѓанство, односно развој и јакнење на граѓанското општество, особено младинскиот сектор.

## 3. Краток преглед на процесот

Во текот на месец мај и јуни 2018 година, проектниот тим на МСП во соработка со партнер институцијата Општина Крушево, започнаа со спроведување на истражување и анализа на потребите на младите во Општина Крушево. Во овој процес се организираа фокус групи на кои учествуваа средношколци, студенти, претставници на здруженија на граѓани кои работат директно со младите од Општина Крушево, политички подмладоци, млади новинари и маргинализирани групи. Вкупно се спроведоа 5 фокус групи, од кои 1 во село Бучин и 1 во село Норово, додека

останатите 3 беа спроведени во град Крушево и се опфатија вкупно 70 учесници. Исто така, електронски беше спроведена анкета, која што Локалниот Младински совет на Општина Крушево ја промовираше за време на фокус групите и во училиштата, и опфати 80 ученици кои придонесоа кон прибирањето на податоци за потребите на младите во Општина Крушево. При воспоставување на процесот за прибирање на податоци, проектниот тим ангажира помлад истражувач, кој беше задолжен за водењето на фокус групите за подготовка на анализа за потребите на младите. Подготвената анализа ги покажа приоритетните потреби и проблеми, што претставуваат основа за да се планираат активности и програми за млади, како и развој на тие програми и политики, вклучувајќи ги сите сектори кои ги засегаат младите.

Во подготовката на локалната младинска стратегија активно се вклучија сите членови на Локалниот Младински совет на Општина Крушево. По пат на отворен јавен повик за членови се воспостави работна група од 12 членови кои обезбедија директна логистичка поддршка во процесот. Работната група ја сочинуваа претставници на подрачни министерства, претставници на граѓанскиот сектор, ученици и студенти.

Во насока на постојана поддршка и координација во тековната работа, работната група беше предводена од проектниот координатор со што се овозможи зголемена информативност и меѓусебна соработка. Со работната група се организираа 8 работни средби на кои се изработуваше нацрт текстот на Локалната Младинска Стратегија, врз основа на подготвената анализа на потреби на младите од Општина Крушево. Исто така, работната група подготви и двегодишен акционен план во кој што се вклучени приоритетните тематски области и проблеми за кои потребно е да се превземат активности.

Посебен акцент се стави на имплементирањето на отворениот консултативен процес со младите преку активноста Булевар на мислења кој се одржа два дена во центарот на Крушево и еден ден во с. Бучин и с. Норово. Булеварот на мислења како метод придонесе за  чувството на сопственост не само кај младите, туку и сите граѓани од општина Крушево.

Целта на изработката на овој документ е Општината, заедно со Локалниот Младински совет во општина Крушево, да има координиран и континуиран пристап во решавањето на младинските проблеми и предизвици на локално ниво, како и да се зголеми учеството на младите во процесот на изготвување, примена и оценување на младинските политики. Преку оваа младинска стратегија се опфатени дел од проблемите на младите, со што Општина Крушево заедно со Локалниот Младински совет на Општина Крушево ќе работи на нивно решавање во наредниот период и ќе се придонесе кон промоција на активно и одговорно граѓанство и на младите и младинскиот сектор.

Стратегијата ги отсликува ставовите и перцепциите на младите во однос на младинските политики и предизвици во Општина Крушево. За да може да се постигнат целите на приоритетните области и целокупните определби во согласност со предвидените области во стратегијата, Локалниот Младински совет со ко-менаџмент

телото дополнително ќе изработува акциони планови кои ќе вклучуваат специфични активности и акции.

## 4. Цел на стратегијата

Целта на Локалната Стратегија за млади на Општина Крушево е **„Да се создадат нови и подобрат постоечките услови за живот на младите во Општина Крушево“.** Стратегијата за млади во општина Крушево ќе придонесе кон подобрување на генералната состојба на младите во општина Крушево. Овој документ претставува патоказ и дава јасни инструкции на локалната самоуправа, како треба да се движи развојот на локалната заедница и подобрувањето на генералната состојба, специфично и фокусирано од призма на младите и приритетите младинските прашања.

Дополнително, спроведувањето на стратегијата се однесува кон младите луѓе како ресурс и се фокусира на долгорочни решенија, идентификување на потребите и развивање политики за да им овозможи на младите луѓе да го реализираат својот целосен потенцијал како граѓани.

Спроведувањето на стратегијата директно ќе придонесе кон градење на соработка помеѓу граѓанскиот сектор и Локалниот Младински совет на општина Крушево, заедно со самата општина, со постигнување на очекуваните резултати и специфичните цели на тематските области ќе се придонесе кон подобрување на генералната состојба на младите во општина Крушево.

## 5. Тематски области на Локалната Стратегија за млади

### ***<u>5.1 ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: КУЛТУРА</u>***

**ЦЕЛ НА ТЕМАТСКАТА ОБЛАСТ:**
Подобрување на културно-забавниот живот на младите во Општина Крушево.

**Специфична цел 1:**
Зајакнато информирање на младите за можностите за културно-забавен живот во Општина Крушево

<u>Мерки:</u>

- Длабинско истражување на реалните потреби на младите за прашања од културно-забавниот живот во Општина Крушево
- Презентирање на можностите за поактивно вклучување во културно забавниот живот на младите
- Креирање на одржлив механизам за редовно и задолжително информирање на младите за годишната програма од областа на културата од општина Крушево и другите институции од областа на културата

**Специфична цел 2:**
Зголемено учество на младите при креирање и спроведување на културни програми во Општина Крушево

Мерки:
- Зголемување на соработката помеѓу младинските организации и надлежните институции од областа на културата
- Создавање услови кои ќе овозможат директно учество на младите во сите културни настани
- Вклучување на младите во изработка на годишните културни програми.
- Кампања за мотивирање на младите за нивно директно и проактивно вклучување во културно-забавниот живот во Општина Крушево

**Специфична цел 3**
Зголемена поддршка за културно изразување на младите во Општина Крушево

Мерки:
- Зајакнување на постоечките форми за културно изразување на младите
- Едукација на младите за нови форми на културно изразување и овозможување поголем пристап до постоечките културни институции и објекти
- Поддршка за иницијативи за примена на нови форми на културно изразување

## *5.2 ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: СПОРТ И ЗДРАВЈЕ*

**ЦЕЛ НА ТЕМАТСКАТА ОБЛАСТ**
Создавање и подобрување на здрави животни навики и збогатување на спортски содржини во Општина Крушево.

**Специфична цел 1:**
Подобрени знаења на младите луѓе за практикување здрави животни стилови

Мерки:
- Редовно информирање на младите за едукативни настани поврзани за јавно здравје, во организација на различни институции од Крушево и други институции;
- Поттикнување на учество на младите во едукативни процеси за јавно здравје во Општина Крушево.

**Специфична цел 2:**
Зголемено учество на младите во креирање на спортски програми во Општина Крушево

Мерки:
- Едукација на младите за начинот на функционирање на општината, НВО и локалните институции кои се креатори на спортските содржини;

- Креирање на механизми за учество на младите во креирање на нови спортски содржини, во партнерство со општина, НВО и локални институции.

## ***5.3 ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: ОБРАЗОВАНИЕ***

**ЦЕЛ НА ТЕМАТСКАТА ОБЛАСТ**

Зголемување на интересот за неформалното во соработка со формалното образование и подигнување на свеста кај младите

**Специфична цел 1**

Подигната свест на младите за потребата од квалитетно неформално образование

Мерки:

- Информирање на учениците во средните училишта за можностите за неформално образование
- Креирање на механизми за информирање на младите во средните училишта

**Специфична цел 2**

Зајакнати вештини на младите преку учество во неформалното образование

Мерки:

- Создавање на соодветен кадар за неформално образование
- Работилници со актуелни содржини во соработка со НВО и подрачните единици на институциите за подобрување на социјализацијата и меѓусебната комуникација
- Работилници со актуелни содржини во соработка со НВО и подрачните единици на институциите за подобрување на социјализацијата и меѓусебната комуникација.

**Специфична цел 3**

Подобрен квалитет на формалното образование во Општина Крушево

Мерки:

- Формирање секции според интересите на учениците во основното и средното образование под менторство на професори и мотивирани волонтери
- Подобрување на техничките услови во образовните институции во Општина Крушево.

## ***5.4 ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО***

**ЦЕЛ НА ТЕМАТСКАТА ОБЛАСТ**

Зголемување на активното учество на младите во соработка на образованието, локалната власта и невладиниот сектор

**Специфична цел 1**

Подобрени услови за учество на младите во креирањето политики

Мерки:
- Подобрување на информираноста за можностите за учество на младите во процесите на креирање политики
- Запознавање на работата на општината преку работни средби со СМО и лицето за комуникација со млади во општина Крушево

**Специфична цел 2**
Зајакнати знаења и вештини за учество на младите во процесите на донесување одлуки

Мерки:
- Едукација за поднесување на иницијативи до Советот на Општината во соработка со Локалниот младински совет
- Учество на младите со свои идеи во општинскиот буџет и општинската работа
- Јакнење на капацитетите на Локалниот Младински Совет за застапување на младинските потреби.

## 6. Процес на мониторинг и евалуација

Само доколку се спроведат активностите предвидени во стратегијата може да се постигнат целите на истата, а со тоа да се подобри животот и животниот стандард на младите во Општина Крушево. Со цел успешно да се имплементира стратегијата и да се следи нејзината имплементација, предвидени се следните акции:

- **Формирање на ко-менаџмент тело за следење на имлементацијата на Локалната Младинска Стратегија**

Во процесот на имплементација на Локалната Младинска Стратегија, неопходно е воспоставување на ко-менаџмент тело кое што ќе го следи спроведувањето на активностите. Телото ќе се состои од 7 членови, вклучувајќи претставници на Локалниот Младински совет на Општина Крушево, претставници на НВОи, и претставници на подрачни министерства и Општина Крушево. Новоформираното тело ќе има за задача да се состанува најмалку еднаш на 3 месеци, во зависност од потребите, чија цел ќе биде да се грижи за примената на начелата кои се однесуваат на младите, да разгледуваат прашања во надлежност на општината кои се однесуваат на состојбата на младите во сите области на животот и работата, учествуваат во работата при подготовката на општинските акти наменети за решавање на проблемите на младите, во однос на имплементацијата на Локалната Младинска Стратегија. Ко-менаџмент телото би овозможило директно следење на имплементацијата на ЛМС и ќе воспостави комуникација помеѓу младите и Локалната Самоуправа, а тоа би резултирало со зголемено учество на младите како главни чинители на Локалната Младинска Стратегија. Исто така, ќе се вклучат сите организации и институции .кои се активни во локалните заедници за приоритетите кои ги третира ЛМС како на пример: неформално образование, култура, здравје и спорт и младинско учество.

- **Зајакнување на улогата на Локалниот Младински совет во општина Крушево**

За да може да се овозможи континуитет при спроведувањето на стратегијата, како и соодветен план за мониторинг и евалуација на сè она што е применето, неопходно е да се предвиди начинот на кој ќе се известува. За потребите на процесот на мониторинг и евалуација, Локалниот Младински совет на општина Крушево за оваа стратегија дополнително ќе подготвува акциски планови, кои ќе бидат во согласност со целите во овој стратешки документ. Овие акциски планови ќе бидат подготвувани при консултацијата на младите во Општина Крушево. Дополнително, акциските планови ќе бидат јавни документи достапни на сите оние кои се заинтересирани.

Секоја година за реализацијата на акциските планови, воедно и за примената на оваа стратегија, ќе бидат подготвувани соодветни извештаи кои ќе бидат доставени до Советот на Општина Крушево. Овие извештаи, пред сè заради заложбите за соработка со младите, Локалниот Младински совет ќе ги објавува во своите гласила со цел да ги информира младите за активностите кои биле спроведени дотогаш. Оваа стратегија ја заложува и ја промовира соработката со граѓанскиот сектор, па токму затоа Младинскиот совет на Општина Крушево ќе организира средби и со граѓанскиот сектор за да може сите засегнати страни да го дадат своето мислење за начинот на кој се спроведува стратегијата и се осмислуваат акциските планови.

Ваквата соработка овозможува граѓанските организации директно да учествуваат во целиот процес на подготовка, примена и евалуација на Локалната младинска стратегија на Општина Крушево. Извештаите и акциските планови редовно ќе се објавуваат и ќе бидат достапни на веб-страниците на општината. Младинските организации ќе имаат можност, доколку се согласни, и на нивните веб-страници да ги објавуваат извештаите и акциските планови за примена на оваа стратегија.

Последната година пред завршувањето на важноста на оваа стратегија, Локалниот Младински совет на Општина Крушево ќе креира и соодветна методологија и начин за да може да спроведе евалуација на сè што е дотогаш спроведено во однос на примената на овој стратешки документ. Оваа евалуација покрај тоа што ќе го измери спроведувањето на стратегијата, ќе треба да го измери и ефектот од неа, а сè со цел подготовка на нов стратешки документ кој ќе одговара на потребите и предизвиците на младите.

## 7. Листа на членови на работната група и координативното тело

Листа на членови на работната група:

1. Снежана Миленкоска - Раководител на СОУ Наум Наумовски – Борче, Крушево
2. Оливера Чавкароска - Раководител на ОУ Никола Карев - Крушево
3. Зорица Кузманоска - професор во СОУ Наум Наумовски – Борче, Крушево
4. Никола Чавкароски - Здружение за туризам и угостителство - Крушево
5. Лефкија Гажоска - Здружение за туризам и угостителство - Крушево
6. Елена Илиеска - Општина Крушево

7. Евгенија Петроска - Советник при Советот на Општина Крушево
8. Доминика Кузманоска – Средношколец, средношколска заедница на СОУ Наум Наумовски – Борче
9. Никола Маја - Клуб на Млади на Црвен Крст - Крушево
10. Матеј Кардула - Средношколец, средношколска заедница на СОУ Наум Наумовски – Борче
11. Благојче Спасески - ЛК СДММ - Крушево
12. Вецко Иваноски - УМС - Крушево

Координативно тело:
1. Билјана Стојаноска – Локален младински совет на општина Крушево
2. Сотир Габелоски - лице за комуникација со млади на Општина Крушево
3. Андреј Габроски – Младински Совет Прилеп
4. Миле Димкоски - Младински Совет Прилеп
5. Евгенија Петроска - Советник при Советот на Општина Крушево
6. Благојче Спасески - ЛК СДММ – Крушево
7. Матеј Кардула - Средношколец, средношколска заедница на СОУ Наум Наумовски – Борче
8. Зорица Кузманоска - професор во СОУ Наум Наумовски – Борче, Крушево
9. Никола Чавкароски - Здружение за туризам и угостителство - Крушево

Претставници од Локалниот Младински совет:
1. Сотир Маја - Локален младински совет на општина Крушево
2. Стевче Јанкулоски- Локален младински совет на општина Крушево
3. Марија Петроска - Локален младински совет на општина Крушево
4. Сотираќи Чакалар - Локален младински совет на општина Крушево

## 8. Прилози

- *Прилог Акционен план за 2019 – 2020 година*
- *Анализа за состојбата на младите во Општина Крушево.*